# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

## за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход

### Член 1

Во Законот за персоналниот данок на доход („Службен весник на Република Македонија" бр.80/93, 3/94, 70/94, 71/96, 28/97, 8/01, 50/01, 52/01, 2/02, 44/02, 96/04, 120/05, 52/06, 139/06, 6/07, 160/07, 159/08, 20/09,1 39/09, 171/10, 135/11, 166/12, 187/13 и 13/14), во членот 50 ставовите (4) и (5) се менуваат и гласат:

"Како продажна цена при продажба на хартии од вредност и учеството во капиталот се смета договорената цена, односно цената која органот за јавни приходи ќе ја утврди ако оцени дека договорената цена е пониска од пазарната.

Како продажна цена при продажба на недвижен имот се смета договорената цена, а доколку органот за јавни приходи оцени дека договорената цена е пониска од пазарната, како продажна цена се смета пазарната вредност на недвижниот имот утврдена од страна на единицата на локалната самоуправа и Градот Скопје според Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот, без данокот на промет на недвижности."

### Член 2

Во членот 51 по ставот 1 се додаваат два нови става (2) и (3) кои гласат:

"По исклучок од ставот 1 на овој член, обврзник на данок на доход од капитална добивка не е физичко лице кое остварува приход од продажба на недвижен имот од непријавено вршење на дејност во смисла на член 9 став 2 од овој Закон.

Доколку надлежниот даночен орган утврди дека обврзникот остварува приход според ставот 2 на овој член, остварениот приход ќе се смета за приход во смисла на член 28 на овој закон и ќе се оданочува соодветно како приход од самостојна дејност."

### Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Текст на одредбите на Законот за персоналниот данок на доход кои се менуваат и дополнуваат:

Член 50

Под капитална добивка се подразбира приходот што обврзникот го остварува од продажба на хартии од вредност, учество во капиталот и недвижен имот.
Капиталната добивка претставува разлика помеѓу продажната цена на хартиите од вредност, учеството во капиталот и недвижниот имот од став 1 на овој член и куповната (набавната) цена.
Ако разликата од став 2 на овој член е негативна се остварува капитална загуба.
Како продажна цена од став 2 на овој член се смета договорената цена, односно цената која органот за јавни приходи ќе ја утврди ако оцени дека договорената цена е пониска од пазарната.
Како договорена, односно пазарна цена при продажба на недвижен имот се зема цената без данокот на промет на недвижности и права.
Куповната (набавната) цена од став 2 на овој член претставува цената по која обврзникот ги стекнал хартиите од вредност, учеството во капиталот или недвижниот имот.
При продажбата на недвижниот имот, кој обврзникот сам го изградил за набавна цена се смета пазарната цена според која се утврдува основата на данокот на имот.
Како куповна (набавна) цена на хартиите од вредност кои се продадени или купени на берзата се смета цената која обврзникот ја документира како стварно платена, или ако тоа не го стори, најниската забележана трансакција во период од една година, која претходи на продажбата на хартијата од вредност.
Кај хартиите од вредност кои не се котираат на берзата, како набавна цена се смета цената која обврзникот ја документира како стварно платена, или ако тоа не го стори, нејзината номинална вредност.

Член 51

Обврзник на данок на доход од капитални добивки е физичко лице кое остварува добивка од член 50 став 2 на овој закон.